ПОВИК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДА

за набавка на услуга за периодичен преглед, калибрација и потврдување на верификација на автоматски континуирани ваги за потребите на рудниците Бучим и Боров Дол, Радовиш

## 1. Опис на услугата

За потребите на тековното производство на рудниците Бучим и Боров Дол, се објавува повик за прибирање на понуди и документација со цел избор на најповолен добавувач за периодичен преглед, калибрација и потврдување на верификација на автоматски континуирани ваги кои се дел од производниот циклус и опрема на Рудниците Бучим и Боров Дол Радовиш:

| Компанија | Техничка ознака | Тип на вага | Тип | Производител | Година на производство | Класа на точност | Капацитет max (t/h) | Типска ознака од Биро за Метрологија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Боров Дол | А1-Трака 150 ПД | Континуирана автоматска вага (тотализатор) TWIN #150 A1 | TWIN P14 | Precia Molen | окт.19 | Фабрични услови ± 0.5%до1% Теренски услови ±2% | 1100 | |
| Боров Дол | А4-Трака 150 ПД | Континуирана автоматска вага (тотализатор) TAB-3/14/133 (X241 BS) | X241-BS | Precia Molen | јул.20 | Фабрични услови ± 0.25%до0.5% Класа: Service klasaX(2) | 1500 | MK-05-04-00315 |
| Боров Дол | ТР-1-Трака бр.1 | Континуирана автоматска вага (тотализатор)TWIN TP-1 BS) | TWIN P12 | Precia Molen | јул.19 | Фабрични услови ± 0.5%до1% Теренски услови ±2% | 1100 | |
| Бучим | Вага - 2130-Транспортер Т - 2125 | RAMSEY SERIES 20 | 10-20/40-20 | RAMSEY | 1979 | Фабрични услови ± 0.5% Теренски услови ±1% | 2000 | |
| Бучим | Вага - 3272 - Транспортер Т - 3270 | RAMSEY SERIES 20 | 10-20/40-20 | RAMSEY | 1979 | Фабрични услови ± 0.5% Теренски услови ±1% | 2000 | |
| Бучим | Вага - 4041 - Транспортер Т - 4031 | Континуирана автоматска вага (тотализатор) MT 3105 | 10-20B1/650 BELT SCALE | Thermo Fisher | 2010 | Фабрични услови ± 0.5% Теренски услови ±1% | 300 | |

| Компанија | Техничка ознака | Тип на вага | Тип | Производител | Година на производство | Класа на точност | Капацитет max (t/h) | Типска ознака од Биро за Метрологија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бучим | Вага - 4041А - Транспортер Т - 4031 | Континуирана автоматска вага (тотализатор) WE503D | BS 143 | RICE LAKE | 2020 | Фабрични услови ± 0.25% Теренски услови ±05% | 320 | МК-05-03-00294 |
| Бучим | Вага - 4042 - Транспортер Т - 4032 | Континуирана автоматска вага (тотализатор) MT 3105 | 10-20B1/650 BELT SCALE | Thermo Fisher | 2010 | Фабрични услови ± 0.5% Теренски услови ±1% | 300 | |
| Бучим | Вага - 4042А - Транспортер Т - 4032 | Континуирана автоматска вага (тотализатор) WE503D | BS 143 | RICE LAKE | 2020 | Фабрични услови ±0.25% Теренски услови ±0.5% | 320 | МК-05-03-00294 |

## 2. Постапка за избор

Постапката за избор на најповолен добавувач се спроведува во две етапи:

- Квалификација на подобност на добавувач;
- Избор на најповолна финансиска понуда

Сите документи се доставуваат само по електронски пат на електронска адреса tender@borovdol.mk . Документација, пратена на друга електронска адреса или доставена во хартиена форма нема да се разгледува и ќе се смета за неуредно доставена документација, што води кон дисквалификација на понудувачот.

### 2.1. Квалификација на подобност на добавувач

Секое заинтересирано лице кое сака да учествува во изборот на најповолен добавувач треба да ги исполнува следните услови:

- Да биде регистрирано во централниот регистар на трговски друштва;
- Да поседува сертификат за акредитација за Инспекциско тело (ИТ) издаден од Институтот за акредитација на Република Северна Македонија;
- Да немаат забрана за вршење на дејност;
- Да има сопствени сертифицирани средства за вршење на дејност проверка и калибрација на континуирани автоматски ваги;
- Да не се капитално управувачки и роднински поврзани со некои од раководните органи или во вработени во правните лица ДПТУ Боров Дол ДООЕЛ Радовиш и ДПТУ Бучим ДООЕЛ Радовиш;

Друштвата кои ги исполнуваат горенаведените критериуми поднесуваат финансиска понуда.

### 2.2. Финансиска понуда

Финансиската понуда содржи:

- Цена за извршена проверка и калибрација на континуирани автоматски ваги на квартално ниво за сите наведени ваги (9) и цена за годишна потврда на верификацијата на мерилата ( вагите) за кои има типска ознака (3) преку издавање на сертификат за верификација и ставање на жиг за верификација во присуство на инспектор од Институтот за акредитација на РСМ;
- Дисконт на единечните цени за различните (две) услуги;
- Начин на плаќање.

## 3. Потребни документи и рокови за доставување

Документи кои се доставуваат во постапка на квалификација на подобност на добавувачот:

- Тековна состојба не постара од 3 месеци издадена од страна на ЦРМ;
- Тековна состојба за вистински сопственици издадена од ЦРМ;
- Сертификат за акредитација на ИТ издаден од Институтот за акредитација на РСМ согласно стандардот МКС EN ISO/IEC 17020:2012;
- Прилог кон сертификатот за акредитација на **инспекциско тело**;
- Потврда од ЦРМ дека не е изречена забрана за вршење дејност;
- Заверен список на опрема и еталони која се користи во процесот на проверка, калибрација и верификација на мерилата;

**Рок на доставување на документација:** 20.02.2024

Документите кои се доставуваат во постапка на избор на финансиска понуда:

- Финансиска понуда на меморандум на понудувачот, потпишана од страна на овластено лице на добавувачот.

**Рок на доставување финансиска понуда:** 20.02.2024

## 4. Начин на доставување на документи

Сите документи се доставуваат во електронска форма.
Документите издадени до ЦРМ треба да се електронски потпишани од страна на издавачот.

е-адреса за доставување на понуда и документација: tender@borovdol.mk
Предмет(Subject) на пораката: NOR-002

По завршување на изборот за најповолен понудувач сите понудувачи кои доставиле понуди кои ги исполнуваат условите ќе бидат известени за одлуката за прифаќање/одбивање на доставената понуда. Известувањето е од информативен карактер и не предизвикува правни последици.

12.02.2024г.,
Радовиш

ДПТУ “Боров Дол” ДООЕЛ
ДПТУ “Бучим” ДООЕЛ